РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Бр. 07- 972/1
14. 03. 2014 год.

Врз основа на член 31 став 2 точки 2 и 40-а, а во врска со член 113-б од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51711, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/14) Државната изборна комисија на седницата одржана на 14.03.2014 година, донесе

# УПАТСТВО

## за примена на член 113 - б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во дипломатско-конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии

Избирачите кои се членови на избирачките одбори за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва (во понатамошниот текст: ДКП), односно конзуларните канцеларии гласаат во Државната изборна комисија три дена пред денот на одржување на изборите во Република Македонија.

Ова гласање го спроведува избирачки одбор за гласање во ДИК.

## I. Материјал за гласање

1. За ова гласање ќе се подготват посебни изводи од Избирачкиот список за гласање на избирачите кои се членови на избирачките одбори за гласање во ДКП систематизирани според општините во кои имаат постојано место на живеење.
2. За гласање на избирачите кои се членови на избирачките одбори за гласање во ДКП посебно ќе се испечатат гласачки ливчиња според општината во која имаат постојано место на живеење. Притоа, ќе се испечатат онолку гласачки ливчиња колку што има запишани избирачи во посебните изводи од Избирачкиот список.
3. Гласачкиот материјал за гласање во ДИК - посебно спакуван ќе биде доставен до избирачкиот одбор надлежен за спроведување на гласањето заедно со доверливиот материјал (посебни изводи од Избирачкиот список, гласачки ливчиња, записници- Образец бр. 17гс за секоја општина посебно, пликови).

## II. Предавање на гласачкиот материјал од ДИК на ИО

1. Државната изборна комисија на избирачкиот одбор за гласање во ДИК му го предава материјалот за гласање, и тоа:

- посебните изводи од Избирачкиот список за гласање на избирачите кои се членови на избирачките одбори за гласање во ДКП
- соодветен број на гласачки ливчиња колку што има избирачи од оваа категорија гласачи
- празни пликови
- записници (Образец бр 17гс) за секоја општина посебно

### III. Постапка на гласање

1. Гласањето за оваа категорија избирачи се врши на следниот начин:

- Избирачот се потпишува во соодветниот посебен извод од Избирачкиот список
- На избирачот му се дава соодветното гласачко ливче според местото на постојано живеење на избирачот и празен плик за гласачкото ливче. Пред да се даде гласачкото ливче, на предната страна на гласачкото ливче се става печат на избирачкиот одбор, а на празниот плик избирачкиот одбор ја запишува општината каде избирачот има постојано место на живеење
- По гласањето избирачот го става гласачкото ливче во празниот плик, го лепи пликот и го става во гласачката кутија
- По завршување на гласањето избирачкиот одбор ги поништува неупотребените гласачки ливчиња на начин што им го откинува долниот десен агол и ги прецртува по целата должина и ги става во посебни пликови на кои е наведена општината и се означува со ознака НЕУПОТРЕБЕНИ ЛИВЧИЊА, и на пликот го наведува бројот на неупотребени гласачки ливчиња
- Потоа, избирачкиот одбор ја отвора гласачката кутија, ги селектира пликовите по општини (без да ги отвори) и составува записник (Образец бр.17гс) за секоја општина посебно
- Неотворените пликови со употребени гласачки ливчиња, пликот со неупотребени гласачки ливчиња, посебниот извод од Избирачкиот список и записниците се пакуваат во голем плик за секоја општина посебно и на пликот се наведува името на соодветната општинска изборна комисија
- Вака спакуваниот гласачки материјал, избирачкиот одбор го става во гласачката кутија и ја запечатува со сигурносни ленти. Материјалот се чува во просториите на Државната изборна комисија до завршувањето на гласањето во Република Македонија.

### IV. Доставување на гласачкиот материјал и сумирање на резултатите од гласањето

1. Избирачкиот одбор за гласање во ДИК, по завршувањето на гласањето во Република Македонија, преку брза пошта го доставува изборниот материјал до општинските изборни комисии каде што избирачите имаат постојано место на живеење.

2. Општинските изборни комисии ги сумираат резултатите од гласањето на избирачите кои се членови на избирачките одбори за гласање во ДКП во Записникот за сумирање на резултатите (Образец бр.21). Оваа постапка се презема откако ќе се прими целокупниот материјал за гласањето во таа општина.

V. Ова упатство стапува на сила со денот на донесувањето.

VI. Ова упатство се објавува на веб страницата на Државната изборна комисија.

**НАПОМЕНА:** Општинските изборни комисии на чие подрачје има избирачи кои се членови на избирачките одбори за гласање во ДКП односно конзуларните канцеларии ќе добијат и списоци за овие категории избирачи.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Никола Ривкоски**